05.03.2025
02-141/1

Архивски знак:
Shenja arkivore: ____
Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ____
____20____година / viti ____ Потпис / Nënshkrimi

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**ИП 1 бр. 57-2**
**Датум: 24.02.2025 година**

## 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | |
| Седиште/адреса на субјектот | бул. „Партизански одреди“ бр. 22, Скопје |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| ЕМБС | |
| Даночен број на субјектот | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ, Скопје |

Одговорно лице на субјектот:

| Име и презиме: | Телефон: | Е-пошта: |
|---|---|---|
| | | |

## 2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 14.02.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 12.15 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 18.02.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 13.00 |
| Назив на објектот - инсталацијата каде се врши надзорот | | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Дејности на библиотеките и архивите (шифра 91.01) | | | |



Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | бул. „Партизански одреди“ бр. 22, Скопје |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

- Налог бр. 57 - 2 од 07.02.2025 г., издаден од Главниот инспектор Сабина Синан и месечниот план бр. 57-953/1 од 05.02.2025 г., за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам (**во натамошниот текст: МКТ**) за м. февруари 2025 година.

**4) Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Маја Митревска, виш инспектор – раководител на Одделение за инспекциски надзор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МКТ.

**5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

**Предмет:** примена на одредбите од член 16 став (1) точка 5 и 6, член 22 и член 23 од Законот за библиотеките („Сл. весник на РМ“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15, 39/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 122/21), како и подзаконските акти - Правилникот за формата, содржината и начинот на водење евиденција на библиотечниот фонд и на библиотечната документација („Сл. весник на РМ“ бр. 133/2009) и Правилникот бр. 02-120/3 од 07.03.2016 година, за утврдување на критериумите и постапките за отпишување на библиотечен материјал, донесен од страна на НУБ – Национална и Универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“, Скопје како матична библиотека.

Инспекцискиот надзор се врши по Иницијатива заведена во писарницата на МКТ под ИП 1 бр. 57-2 од 16.01.2025 година и Иницијатива ИП 1 бр. 57-4 од 23.01.2025 година, поднесени од непознат подносител.

**Основ:** член 51 став (1) од Законот за библиотеките и член 82 став (1) од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 265/24), а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор.

**6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | |

**8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:**

| Ред. бр. | Име и презиме/својство | Телефон/Е-пошта |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

**10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:**

10.1. До СУИН на МКТ, пристигнати се Иницијативи заведена во писарницата на МКТ под ИП1 бр. 57 - 2 од 16.01.2025 г. и ИП 1 бр. 57 - 4 од 23.01.2025 г., поднесени од непознат подносител, со наводи за неправилности во работењето на Библиотеката, односно наводи дека ревизијата на библиотечниот фонд била спроведена во Ексел табели и според Кобис програмата, а не според инвентарните книги, дека во библиотеката не биле печатени каталожни картончиња во картотеката за потребите на читателите, како и наводи за неправилности во постапката при отпишување на библиотечниот материјал.

10.2. Врз основа на член 12 став 2 од Законот за библиотеките и член 50 став (1) точка 9 од Законот локална самоуправа, со Решение бр. 09-4292/1 од 19.04.2022 г.,

на градоначалникот на Град Скопје, за избор на директор на ЈУ – Градска библиотека „Браќа Миладиновци", Скопје за директор на Библиотеката е избрана со мандат од 4 години.

-Во однос на наводите за начинот на спроведувањето на ревизијата на библиотечниот фонд како обврска што произлегува од **членот 22 став (3) од Законот за библиотеките**, односно за **вршење ревизија на библиотечниот фонд најмалку на секои пет години**, а **заради утврдување на состојбата на библиотечниот фонд и потребата за преземање на соодветни мерки за негова ефикасна заштита,** според изјавите на присутните лица како и презентираната документација при инспекцискиот надзор, последната ревизија на библиотечниот фонд во Библиотеката била вршена во текот на 2023 година.

Имено, пред да биде започната постапката за ревизија, Библиотеката со Допис бр. 03-111/1 од 14.02.2023 г., се обратила до Националната и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски", Скопје, како матична библиотека со барање за обезбедување стручна помош (консултација) од стручни лица-библиотекари, коишто веќе вршеле online ревизија на библиотечниот материјал, а во смисол на опфат на инвентарот којшто бил предмет на ревизијата, за работење со бежични читачи како и споделување на искуства за методите за започнување со постапката за ревизија.
Од стручното лице вработена во НУБ, во месец февруари 2023 година, за вработените во Библиотеката одржана била интерактивна презентација за спроведување и реализација на процесот на ревизија на книжниот фонд преку COBISS3/Инвентар.

Со Одлука на Управниот одбор бр. 02-41/7 од 24.01.2023 г., за дополнување и изменување на Комисија за ревизија на книжен фонд во ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци" Скопје, именувани биле пет члена на комисијата (четири виши библиотекари и еден библиотекар советник) и тројца заменици (библиотекари советници).
Од страна на Комисијата донесен бил и Акциски план за ревизија на книжен фонд – 2023 заведен под бр. 02-110/2 од 14.02.2023 година и истиот бил усвоен со Одлука на Управниот одбор бр. 02-134/4 од 27.02.2023 година.

Според изјавата на присутното лице, на 1 март 2023 година во Библиотеката започнала постапката на паралелна ревизија со оглед дека се однесувала на целокупниот инвентариран книжен фонд (технички/рачно обработени книги) како и на фондот кој е инвентариран во COBISS3 системот (книги кои се


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

обработени/внесени по COBISS3 системот односно заедничката база на податоци). Опфатени биле одделенијата за научна литература, белетристика, странска литература, литература за деца, роднокраен оддел и подвижна библиотека - Библиобус. Со Ревизијата бил опфатен библиотечниот фонд кој е инвентариран во COBISS3 системот во периодот од 01.01.2004 – 31.12.2022 година. Ревизијата во COBISS3 била извршена со испис на online инвентарот за соодветниот период.

Додека, за книгите кои не биле внесени во системот COBISS3, а биле предмет на обработка, направени биле дополнителни списоци во табели (exel) со што била утврдена фактичката состојба и на овој активен книжен фонд, односно 201.110 библиотечни единици (во натамошниот текст: б.е.).

Притоа, со ревизијата било утврдено дека Библиотеката располага со вкупен (електронски евидентиран и воден рачно) активен книжен фонд од 502.776 книги, односно б.е. и 7.369 периодични публикации(списанија).

Имено, од вкупно евидентираните библиотечни единици во системот COBISS3, односно 386.576 б.е., утврдено е дека за предметниот период бил евидентиран кусок од 84.910 б.е., односно при ревизијата истите не биле пронајдени или не биле вратени од читателите, така што во системот COBISS3 се евидентирани вкупно 301.666 б.е. активен книжен фонд со којшто располагала Библиотеката за време на завршувањето на ревизијата.

Според презентираната документација при инспекцискиот надзор, за спроведената ревизија, од Комисијата бил изготвен Извештај заведен под бр. 03 - 108/1 од 14.02.2024 г., но видно од извештајот, утврдено е дека освен за утврдената состојба во смисол на бројноста на книжниот фонд со којшто располага Библиотеката, од страна на членовите на комисијата што ја вршеле ревизијата не била утврдена состојбата во која се наоѓа библиотечниот фонд и не биле предложени соодветни мерки за негова евентуална ефикасна заштита, а што е обврска по член 22 став (2) од Законот за библиотеките.

-Во однос на наводите од иницијативата на анонимниот подносител коишто се однесуваат на состојбите со библиотечниот фонд од детскиот оддел од којшто поголем дел бил отпишан поради неупотребливост заради голема оштетеност, а по настаната поплава во Библиотеката, според презентираната документација како и изјавата на директорката, утврдено е следното:


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Според изјавата на директорката *„На почетокот на 2023 година, започнавме со подготовки за реновирање на Одделот за детска литература. Поради планираното реновирање на Одделот за детска литература, во март започнавме со ревизијата на книжниот фонд. Во текот на ревизијата се увиде дека дел од фондот е многу оштетен, механички и бактериолошки неисправен. Истиот беше спакуван во кутии и сместен во помошната просторија во детскиот оддел со намера за отпис. На 1 април во раните утрински часови пукна парното во канцеларијата на директорката и настана поплава. Водата проби надоле и ги поплави книгите кои беа оставени во кутии. Поради итноста на ситуацијата, бидејќи книгите почнаат да мирисаат, мувлосуваат, побрзавме со процедурата за отпис запазувајќи ја целата постапка за отпис и испративме барање за мислење за отпис на книги до Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"- Скопје со списокот на книгите. Од Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" - Скопје ни одговорија дека поради оштетеноста и неупотребливоста на публикациите за понатамошно користење поради настанатата поплава истите можат да се отпишат, по што ја исконтактиравме фирмата која е задолжена за овластено собирање, транспорт, складирање и третман на хартија- неопасен отпад. Старите и ретки книгите, кои се во канцеларијата на директорката, не беа оштетени и по реновирање на канцеларијата и враќање на мебелот во првобитната состојба како пред поплавата, се вратени на полиците, во истата канцеларија.*
*Во 2023 година откога фондот е вратен по комплетното реновирање на детскиот оддел, набавени се 1312 публикации за истиот со актуелна преведена и домашана литература за деца".*

При надзорот на инспекторот презентиран е Записник заведен под бр. 02-243/1 од 04.04.2023 година од извршен увид во настанатите штети од поплавата што била предизвикана од пукнато ребро/цевка на радијатор во Библиотеката. Во меѓувреме директорката за настанатата состојба со поплавата со Допис бр. 03-237/1 од 03.04.2023 г., го известила и градот Скопје и побарала и тие да извршат увид во состојбата и да преземат мерки како би можеле вработените побрзо да се вратат на своите секојдневни работни обврски.
На 05.04.2023 г., со Допис заведен под бр. 03-246/1 повикано било и вештото лице Василка Каевска, дипломиран инженер архитект, за да изврши увид и вештачење на настанатата штета. Од извршениот увид на вештото лице изготвен бил Наод и мислење заведен под бр. 03-246/2 од 09.05.2023 г., којшто заедно со фотографии од поплавата во прилог бил испратен во осигурителната компанија „Винер Иншуренс Груп", Скопје, а според извршена пресметка на штета од страна на осигурителната компанија Винер, на Библиотеката како оштета и биле исплатени средства во износ од 127.285 денари.

Имајќи го предвид Правилникот бр. 02-120/3 од 07.03.2016 година, за утврдување на критериумите и постапките за отпишување на библиотечен материјал, донесен од НУБ – Национална и Универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“, Скопје како матична библиотека, од страна на Управниот одбор на Библиотеката со Одлука бр. 02-244/3 од 05.04.2023 г., именувана е Комисија за отпис на книжен фонд во библиотеката зафатен со поплавата во состав од три члена (еден библиотекар и двајца виши библиотекари) задолжена да изготви список со предлог на книжниот фонд кој е за отпишување.
Од Комисијата составен бил Записник бр. 02-253/1 од 07.04.2023 г., за утврдените состојби како и предлог до директорката за отпишување на оштетениот библиотечниот материјал зафатен со поплавата.

Со Допис бр. 02-254/1 од 07.04.2023 г., известена била НУБ за состојбата со книжниот фонд од Одделението за литература за деца, со барање да се произнесе дали е заинтересирана за овие книги. Заради оштетеноста и неупотребливоста на предметниот книжен фонд за понатамошно користење, НУБ со Допис бр. 11-239/3 од 11.04.2023 година, ја известила Библиотеката дека не е заинтересирана за преземање на отпишаните публикации наведени во списоците.

Оттука, имајќи ги предвид одредбите од членот 23 став 2 од Законот за библиотеките, членовите 3 и 5 од Правилникот за отпишување на библиотечниот материјал како и Записникот од стручната комисија, директорката донела Решение бр. 03-265/2 од 24.04.2023 г., за отпишување на 779 б.е. (поплавени книги), во крајно лоша состојба, физички оштетени и хемиско-бактериолошки несоодветни за издавање со насоки истите да бидат отстранети од просториите на Библиотеката.
Со Одлука бр. 02-384/8 од 15.05.2023 година, Управниот одбор дал согласност за отпишување на поплавениот книжен фонд.
Отпишаниот и оштетен книжен фонд (779 полавени книги од детскиот оддел) бил преземен од страна на Друштвото за производство, трговија и услуги „Еко Стар Рециклажа“ Дооел од Скопје, овластено за собирање, транспорт, складиштење и третман на неопасен отпад – хартија, а врз основа на Договор бр. 03-171/1 од 06.04.2022 година склучен со Библиотеката за преземање на неопасен отпад – хартија.

Од презентираната документација како и разговорите водени со присутните лица утврдено е дека при спроведувањето на постапката за отпишување на библиотечниот материјал не се испочитувани целосно обврските од членот 5 и 6 од

Правилникот бр. 02-120/3 од 07.03.2016 година, за утврдување на критериумите и постапките за отпишување на библиотечен материјал, донесен од НУБ – Национална и Универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски", Скопје како матична библиотека, конкретно, Предлогот за отпочнување на постапка за отпишување библиотечен материјал не содржи **оперативен план** со потребните податоци, меѓудругото придружни активности што ке се реализираат (каталози кои ќе бидат опфатени со постапката, извлекување на каталожни картони од каталози, интервенции во инвентарна книга, ажурирање записи во локалната база на податоци и интервенција во излезната книга на библиотечниот материјал и библиотечните добра), подготовка на картони за евидентирање на б. материјал предложен за отпишување, доколку библиотеката нема формирано библиотечни каталози. Исто така, поради **неизготвен оперативен план** за спороведување на постапката за отпис, **не биле направени интервенции во инвентарната и излезната книга водени рачно, за секоја библиотечна единица предложена за отпишување во графата за забелешки кадешто се запишуваат следните податоци: *„отпишана/датум на отпишување и број на одлуката за отпис"*.** За секоја отпишана библиотечна единица не биле извлекувани каталожни картони од библиотечните каталози.

-Инаку, со оглед дека задолжителната библиотечна евиденција се води во електронски облик во системот COBISS3, во однос на наводите дека во Библиотеката не се печатат каталожни картончиња во картотеката за секоја библиотечна единица, според изјавата на присутните лица, во Библиотеката од 2015 година не се изработуваат каталожни картончиња туку истите се дел од Каталогот кој што се води во електронска форма во **COBISS3 системот, па оттука** за потребите на читателите, овие податоци во форма на испис на барање на читателите се вадат од електронската евиденција на Библиотеката.

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и изјавите од присутните лица:**

**-утврдена се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот:**

**1. Во врска со обврските утврдени во членот 22 од Законот за библиотеките, за вршење ревизија на библиотечниот фонд најмалку на секои пет години, а заради утврдување на состојбата на библиотечниот фонд и потребата за преземање на соодветни мерки за негова ефикасна заштита, утврдено е дека последната ревизија на библиотечниот фонд во Библиотеката била извршена во 2023 година.**


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

За спроведената ревизија, од Комисијата бил изготвен Извештај заведен под бр. 03-108/1 од 14.02.2024 г., но видно од извештајот, освен за утврдената состојба во смисол на бројноста на книжниот фонд со којшто располага Библиотеката, од страна на членовите на комисијата што ја вршеле ревизијата, не била утврдена состојбата во која се наоѓа библиотечниот фонд и не биле предложени соодветни мерки за негова евентуална ефикасна заштита, а што е обврска по член 22 став (2) од Законот за библиотеките.

2. При спроведувањето на постапката за отпишување на библиотечниот материјал не се испочитувани целосно обврските од членот 5 и 6 од Правилникот бр. 02-120/3 од 07.03.2016 година, за утврдување на критериумите и постапките за отпишување на библиотечен материјал, донесен од НУБ – Национална и Универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски", Скопје како матична библиотека. Конкретно, по завршување на постапката за отпишување на оштетениот библиотечен материјал од поплавата во Библиотеката не се направени интервенции во инвентарната и излезната книга за секоја библиотечна единица предложена за отпишување во графата за забелешки кадешто се запишуваат следните податоци: *„отпишана/датум на отпишување и број на одлуката за отпис"*.

Имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во Законот за инспекциски наздор, за отстранување на неправилностите утврдени во т. 1 и 2, од страна на инспекторот за култура ќе биде донесено Решение со опомена за отстранување на истите во определен рок, согласно со член 85 став (1) од Законот за културата.

Поради обемот и сложенота на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК согласно со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

11. Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки .

12. Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

-________________________________________________________________

-________________________________________________________________

-________________________________________________________________


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

-______________________________________________________________

-______________________________________________________________.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Маја Митревска, виш инспектор | |
| Датум: | ___.02.2025 г. | Датум: | 24.02.2025 г. |

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.

______________________________________________________________



Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk